ПРВ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС ЗА ИСТОРИЈА НА МЕДИЦИНАТА



# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Штип,
7-8 јуни 2001

**Почесен Конгресен одбор**

Акад. Ѓорѓи Ефремов - претседател на МАНУ
Проф.д-р Петар Милошевски - Министер за здравство на РМ
Доц.д-р Владо Поповски - државен секретар за здравство
Проф.д-р Александар Анчевски - ректор на Универзитетот- "Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Проф.д-р Коста Балабанов - почесен генерален конзул на Јапонија во РМ
Проф.д-р Витомир Мицев - претседател на Македонско лекарско друштво
Проф.д-р Алексеј Дума - претседател на лекарска комора на РМ
Проф.д-р Будимир Павловиќ - директор на Музејот на српската медицина во Белград
Проф.д-р Бисерка Белицза - ХАЗУ - Загреб
Проф.д-р Миладин Апостолов - Медицински факултет - Софија
Проф.д-р Герг Минга - Медицински факултет - Тирана
Прим.д-р сци Никола Камчев,трансфузиолог
Илија Галчев историчар на медицината - Софија
Николчо Лазаров - претседател на Основен суд - Штип
д-р Ѓеорги Денков - директор на ЈЗО Медицински центар - Штип
Димитар Ефремов - градоначалник на Општина - Штип
Илија Галчев - историчар на медицината - Софија
Митрополит Брегалнички г-дин Агатангел

**Организационен Одбор**

Проф.Елена Јосимовска - претседател
д-р Јасминка Кукубајова Белиќ - секретар
Проф.Верица Јосимовска - благајник
Проф.д-р Кирил Цацков
Прим.д-р Тодор Влахчев
Прим.д-р Милка Камчева
Прим.д-р Зоран Живков
д-р Кирил Милев
Прим.д-р сци. Петар Бојаџиевски,офталмолог
Прим.д-р Томислав Шапчевски
Прим.д-р Васил Анчевски
Прим.д-р сци. Арне Ѓоргов
Прим.д-р Исмет Мурати
м-р д-р Илија Глигоров
ВМС Нада Николиќ,главна медицинска сестра на ЈЗО Медицински центар - Штип
ВМТ Трајко Босеовски

**Научен Одбор**

Прим.д-р сци. Петар Бојаџиевски - претседател, прим.д-р сци. Никола Камчев, прим.д-р Тодор Влахчев, прим.д-р Томислав Шапчевски, проф.д-р Кирил Цацков,проф. Елена Јосимовска

**Камчев Никола, Витларова Јорданка - Штип**

## РАЗВОЈ НА ТРАНСФУЗИОЛОШКАТА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РАЗВОЈОТ НА ТРАНСФУЗИОЛОШКАТА СЛУЖБА ВО ОПШИНА ШТИП

Првите податоци за организирање на служба за трансфузија на крв во Република Македонија датираат од 1946 година. На 01.7.1946 година д-р Вукашин Попадиќ, Министер за народно здравје, донесува Решение под број 1363 со кое се формално-правно востановува отварање на Станица за трансфузија на крв во Република Македонија. За раководител го одредува д-р Бранимир Симоновиќ. Тогаш, по задача од Комитетот за заштита на народното здравје при Владата на ФНРЈ, Белградскиот завод упатува свои стручни кадри со цел да формират прва станица за трансфузија во Македонија. Во Скопје доаѓаат д-р Бранимир Симоновиќ, тогашен помошник управник на Белградскиот завод и неговата сопруга Бранка, медицинска сестра во Белградскиот завод. Тие на 13 јули 1946 година ја формираат првата трансфузиолошка станица во Република Македонија. Истата започнува да работи во состав на тогашната Земска болница во Скопје. ("Нова Македонија" 27 јули 1946 година).

Во првите неколку години од започнувањето со работа на Станицата за трансфузија бројот на крводарителите е сосема мал. Така во периодот 1946-1949 година бројот на крводарителите изнесува 205. Скоро сите крводарители се платени, а даруваат крв по барање на здравствената институција. Земањето и конзервирањето на крвта се врши во нестандардни кесиња, се филтрира низ стерилна газа, а на болните се дава преку единствен гумен систем, кој пред употребата се стерилизира со варење. Определувана е само крвна група на плочка со два антисерума. На 01. Јануари 1949 година, по завршениот курс за раководители на установи за трансфузија во Белград, за управник е поставен д-р Мико Карчовски. По предлог на новиот управник, на 20 јануари 1949 година со Решение на Министерството за народно здравје на НРМ, Станицата за трансфузија при Земската болница во Скопје е прогласена за Републичка станица за трансфузија, со задача да ги снабдува со крв, крвни продукти и тест серуми сите здравствени установи во Републиката.

Од 1951 година започнува отварање на трансфузиолошки служби низ Републиката. Во 1952 година со одлука на Владата на НРМ, Станицата за трансфузија е прогласена за Завод за трансфузија на крв на НРМ. Прв директор е д-р Мико Карчовски. Заводот тесно соработува со Македонското лекарско друштво, Народниот фронт,

АФЖ, Сојузот на борците, младинската организација, Црвениот крст, санитетската служба на ЈА. Истите активно учествуваат во организационата и здравствено воспитната работа за мотивирање на населението за дарување крв.

Од 1953 година Црвениот крст на Република Македонија започнува со организирање на акции за дарување на крв врз ново утврдените принципи на доброволност, анонимност и бесплатност.

Во 1954 година Заводот за трансфузија формира мобилна екипа која работи низ целата Република. Започнато е со испраќање на првите количини на крв во Белград за потребите на Југословенскиот плазма програм.

Во 1955 година Заводот се дислоцира во новоадаптирани простории на денешната локација. Во 1958 година се изготвени првите сопствени АБО тест серуми и реагенси. Во 1960-62 година е изграден нов дел на Заводот, воведени се многубројни имунолошки тестови, испитување на коагулациони фактори и тн. Во 1965 година се започна со изготвување на сува крвна плазма и други крвни продукти.

Во 1968 година на чело на Републичкиот завод за трансфузиологија доаѓа проф. д-р Јонче Неделковски. Заводот се консолидира кадровски и материјално. Во наредните 35 години Републичкиот заводот за трансфузиологија и трансфузиолошките служби во Републиката се развиваат мошне брзо. Се формираат 17 трансфузиолошки служби во Републиката, се специјализираат многу доктори во специјалисти трансфузиолози, се започна и со научно истражувачка и наставна работа. Се воведоа современи технолошки постапки за сепарација на крвни клетки, за фракционирање на плазмата и добивање на албумин, криопреципитат, фибриноген, имуни антисеруми, пластичен прибор за трансфузија. Се воведоа уште посложени имунолошки, имунохемиски и имуногенетски испитувања. Овој развој посебно е нагласен во осумдесетите години кога се доизградува новиот дел на зградата на тогашниот Институт за трансфузиологија и хематологија. Во осумдесетите години директор на Републичкиот заводот за трансфузиологија е прим. д-р Драган Ивановски. Потоа Заводот го води прим.д-р Божидар Трајковски, прим. д-р Владо Миленковски, проф. д-р Воскресија Стефановска и од 1999 година д-р Миленка Благоевска стручен соработник.

## Разој на Трансфузиолошката служба во Штип

По иницијатива на д-р Митруш Анастасов хирург од Штип и тогашен управник на општата болница во Штип и д-р Воислав Палиќ, гинеколог, побарано е од Министерството за Народно здравје да се формира служба за трансфузија. На барањето е позитивно одговорено. На 19 март 1953 година во приземјето на болничката зграда во

Штип, во склоп на интерното одделение, е отворена првата станица за трансфузија на крв. Истата истовремено претставува и регионална станица. д-р Ристо Јаневски интернист, е упатен на стручно усовршување во Белград, а медицинската сестра Лујза Златкова во Скопје. По налог на Владата на НРМ во Штип е упатен тогашниот директор на Заводот за трансфузија на крв од Скопје, д-р Мико Карчовски-трансфузиолог. Тој имаше за задача да ја оформи службата и истата да работи под негов надзор. Со службата раководеше д-р. Ристо Јаневски. Меѓу првите работници е помошната медицинска сестра Ленче Читкушева. По стручното усовршување во Словенија доаѓа на работа и медицинската сестра-акушерка Невенка Јосифова-Рунтева. Покасно започнуваат со работа и медицинските техничари Иван Малинов и Раде Божинов и болничарката Љубица Џумурова. Отпочнато е со редовно одредување крвна група на плочка и епрувета, Rh фактор. Крв се зема само на повик на дарители од кои голем дел се платени и фамилијарни. Првите крводарители се од редовите на вработените во болницата. Како прв доброволен крводарител во историјата на станицата за трансфузија останува тогашниот управник на болницата Благој Иванов. Организирани крводарителски акции и резерви од крв нема. Работата се одвива во подрумски, несоодветни работни простори. Отпочнато е со производство на АЦД и парентерални кристалоидни раствори за сопствена употреба. Даруваната крв во најголем дел се користи за потребите на општата болница во Штип, а еден мал дел од неа е транспортирана и складирана во фрижидери за потребите на струмичката и кочанската болница, ("Н. Македонија" бр. 2592 од 20 март 1953 година).

Во април 1964 година доаѓа на работа и Радивое Василев, лаборант кој наредната година заминува на стручно усовршување во Заводот за Трансфузија на крв во Белград. Повеќе од дваесет години работата во службата се одвива без лекар трансфузиолог, но под надзор на лекари од Скопје и интернисти од Штип. Во 1973 година е упатена д-р Ксенија Тодорова на специјализација по специјалноста трансфузиологија. Таа работи кратко време по завршувањето на специјализацијата, а потоа заминува од Штип. Во 1975 година во службата се вработени медицинските сестри Митева Мара, Серафимова Елица и Ангелова Ленче. Во 1976 година е врабоена сервирка-хегиеничарка Малинова Стојна. Во 1977 година на специјализација по специјалноста трансфузиологија се упатува д-р Никола Камчев, кој специјализацијата ја завршува на 25.04.1980 година. Со започнување со работа и избор за раководител на службата за трансфузиологија, истата се развива во современа медицинска гранка. На оваа функција останува до 15 мај 1985 година кога е избран за генерален директор на Медицински центар-Штип. Покрај функцијата генерален

директор истовремено е стручно и организационо претпоставен во РЕ трансфузиологија се до 10.12.1992 година. Во овој период воведени се многу нови имунолошки и имуноензимски испитувања од областа на трансфузиологијата. Започната е рутинска примена на антикоагуланта терапија. Од 13. 12. 1981 година со воведува "плазма програм" или поточно се започна со обработка на целокупната крв и изработка на криопреципитат, антихемофилна плазма, универзална плазма и изогрупна плазма. Еритроцитните коцентрати се користат како деплазматизирани или како измиени. Во 1982 година е прекинат фамилијарниот начин на дарување крв. Во декември 1977 година тесните подрумски простории во кои беше сместена службата за Трансфузиологија се заменети со современи простории наменски предвидени за потребите на трансфузиолошката дејност. Службата за трансфузија на крв е сместена во новоизградениот "Е" блок во кругот на општата болница. Во 1977 година д-р Лилјана Иванова престојува во Скопје за шестмесечно оспособување за работа во Станицата за трансфузија. Истата покасно, во 1981 година е упатена на специјализација по специјалноста трансфузиологија, а ја завршува во 1984 година. За раководител на службата е именувана во 1985 година, веднаш по назначувањето на д-р. Никола Камчев за генерален директор на Медицински центар. Посебен акцент во развојот на клиничката трансфузиологија е направен од 08.11.1987 година со отварање на Дневната трансфузиолошка болница. На 07.01.1988 година е изведена првата ексангвинотрансфузија, а на 12.05.1988 година започна со работа Лабораторија за трансфузиски трансмисивни заболувања и тестирање на крвни примероци на HBsAg и анти HIV со ABBOTT, ЕЛИСА тест II генерација. Од 15.02.1989 година д-р Јорданка Витларова ја опточнува својата специјализација по специјалноста Трансфузиологија. Истата ја завршува на 19. 03. 1992 година. Веднаш по завршување на специјализацијата е именувана во Шеф на одделението за конзервација и пропаганда, а на 17.10.1995 година за Раководител на службата за трансфузиологија. Во 1990 година е набавен современ коагулометар од фирмата Beringer и осцилограф, апарат за испитување на перферна артериската циркулација на екстремитетите. Од 23.02.1992 година во Лабораторијата за трансфузиски трансмисивни заболувања се воведени Micro ЕЛИСА тестови од III генерација од фирмата ORGANON TEKNIKA и ABBOTT. Доброволното крводарување е организирано и перманентно. Во овој период крводарителството бележи континуирано покачување се до 1991 година кога се реализирани најголем број крводарувања од постоењето на службата за трансфузиологија. Дарувањето на крв се одвива во станицата за трансфузија на крв како и надвор од работната единица. Преку т.нар. мобилни екипи крводарителски акции во текот на

целата година се изведуваат во Штип, Радовиш, Пробиштип, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Берово и Пехчево. Повремено мобилните екипи работат и во Валандово, Дојран, Кратово, Кичево, Св.Николе и други општини.

Првата автологна трансфузија во Медицински центар во Штип е дадена на 16. 03. 1995 година од д-р. Јорданка Витларова. Од 1997 година се започна со земање на крв во пластични троструки кеси со што започна да се припремат еритроцитни концентрати во адитивен раствор (SAGM) и еритроцитни концентрати сиромашни со леукоцити (филтрирани еритроцити).

Императив во секојдневното работење на лекарите трансфузиолози е работа на одредени стручни и научни програми. Учесници се на повеќе државни и меѓународни симпозиуми и конгреси (Норвешка, Израел, Грција, Франција, Југославија, Бугарија, Словенија, Хрватска). Сојузот на здруженијата на лекарите на Македонија за придонес и ангажирање во работата на Сојузот на здруженијата на лекарите на Македонија на 08.09. 1985 година на д-р. Никола Камчев му доделува Диплома, а Собранието на општина Штип за значаен развој на трансфузиолошката служба во општина Штип, на 08.11.1986 година му доделува 8-мо Ноемвриска награда, највисоко општинско признание. За заслуги и постигнати успеси во работата од значење на социјалистичката изградба на земјата е одликуван од страна на Претседателот на СФРЈ со Орден за заслуги за народ со сребрена звезда. На 06.04.1990 година Сојузот на здруженијата на лекарите на Македонија за значаен придонес во остварувањето на целите и задачите на Сојузот на здруженијата на лекарите на Македонија на д-р. Никола Камчев му доделува Плакета. За ангажирање во развојот на Црвениот крст и негувањето на благородната и хумана мисија на Црвениот крст на Југославија и Македонија е носител на највисоките признанија на Југословенскиот и Македонскиот црвен крст. На 17.10.1991 година д-р Никола Камчев се здобива со звањето Примариус. Оваа работна единица прва во Медицински центар - Штип се здоби со доктор на медицински науки. Имено со одбраната на својата докторска дисертација под наслов "Трансфузиолошки детерминанти и односи на HCV инфекцијата кај приматели на крв, крвни компоненти и крвни деривати" на 13. о1. 1999 година, прим. д-р Никола Камчев стана првиот доктор на медицински науки во Штип и источнот дел на Македонија. На 17.11. 2000 година од страна на Здружението на трансфузиолози на Република Македонија беше промовирана книгата "Трансфузиски трансмисивни заболувања" од авторите д-р.мед сци. Никола Камчев, специјалист трансфузиолог, вработен во нашата работна единица и прим. д-р. Милка Камчева, специјалист инфектолог. Книгата претставува единствен спој на превентива и клиника, на

добра лабораториска практика и клиничка примена на крвта и продуктите, базирана на современи медицински факти.

РЕ трансфузиологија е домакин и организатор на повеќе стручни состаноци на Здружението на трансфузиолози и хематолози на Република Македонија, како и Републички симпозиуми за унапредување и развој на крводарителството во Република Македонија. РЕ трансфузиологија претставува и научна установа каде голем број здравствен кадар го поминува задолжителниот приправнички стаж.

Благодарение на помошта од Јапонската Влада, во 1999 година, РЕ трансфузиологија доби современа медицинска опрема.

Сојузот на здруженијата на лекарите на Македонија за придонес и ангажирање во работата на Сојузот на здруженијата на лекарите на Македонија на 07.04.1999 година на д-р. Јорданка Витларова и доделува Диплома, а Македонскиот црвен крст на 17.03.2000 година и доделува Благодарница за придонес и ангажирање во развојот и унапредувањето на крводарителството во општина Штип.

Во 1999 година се вработува Весна Дејанова, дипломиран биохемичар, а во февруари 2000 година во РЕ се вработува мед.техничар Виктор Вереса. Од први септември - 2000 година, по долгогодишно работење во трансфузиолошката служба заминува во пензија Василев Радивое, виш медицински техничар.

На 14. 12. 2000 година во составот на РЕ трансфузиологија е отварен Кабинет за Доплер сонографско испитување на периферна, артериска и венска циркулација.

Службата за трансфузиологија е наградувана со повеќе општински и републички признанија, меѓу кои посебно се значајни: прогласување за најдобра служба на ниво на Медицински центар во 1984 и 1991 година. Истата година (1991) РЕ трансфузиологија добива високо Републичко признание - служба со најдобри постигања во областа на крводарувањето во Република Македонија, од претседателот на Република Македонија, Г-дин Киро Глигоров.

Денешната организациона поставеност на РЕ Трансфузиологија е следната: Одделение за пропаганда и конзервација на крв; Лабораторија за имунохематологија; Лабораторија за хемостаза; Лабораторија за плазма програм; Лабораторија за трансмисивни заболувања; Специјалистичка амбуланта; Амбуланта за крводарители; Кабинет за доплер сонографско испитување и Дневна трансфузиолошка болница.

Во работната единица Трансфузиологија се врши комплетен преглед и обработка на крводарители, а преку т.нар. мобилни екипи се изведуваат крводарителски акции во работни организации, образовни институции, градски и селски месни заедници во Штип и општините од Источниот дел на Република Македонија. Акциите се перманентни и рамноправно распоредени во текот на календарската

година. Од 19.03.1953 година (отварање на РЕ трансфузиологија) па заклучно со 2000 година собрани и обработени се вкупно 84.637 крвни единици од општина Штип. Крвта се обраборува во деплазмирани или измиени еритроцити, еритроцитни концентрати во адитивен раствор, еритроцитни концентрати сиромашни со Ле, изогрупна и универзална плазма, плазма богата со тромбоцити и криопреципитат. Во специјалистичката трансфузиолошка амбуланта просечно годишно околу 3000 пациенти со артериски и венски тромбози, анемии, коагулопатии, и други заболувања бараат здравствени услуги. Лекарите специјалисти учествуваат во конзилијарни прегледи на пациенти од останатите работни единици во Медицинскиот центар. Работата во Дневната трансфузиолошка болница ја обавуваат лекарите од РЕ трансфузиологија. Болните се дијагностицирани или оперирани во повеќе работни единици во Медицинскиот центар во Штип или во клиниките на Клиничкиот центар во Скопје, а за корекција на анемичниот синдром или супституција на одредени коагулациони фактори, се хоспитализирани во Дневната трансфузиолошка болница.

Денес РЕ трансфузиологија располага со современа медицинска опрема со која вработените во работната единица со успех ги извршуваат секојдневните работни задолженија.

Вработени: Три доктори специјалисти, еден дипломиран биохемичар, осум медицински сестри и две сервирки-одржувачи на хигиена.